Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на РМ“ бр. 111/2008, 64/2009, 88/2010, 114/2010, 23/2011, 53/2011, 80/2012, 163/2013, 44/2015, 147/2015, 31/2016 и 122/2021), член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002), член 21 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Новаци (Службен гласник на Општина Новаци бр. 7/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 28.12.2023 год. донесе

# ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2024 година

Со оваа програма се утврдуваат работите за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Новаци за 2024 година. Сите активности и работи кои ќе се преземат за одржување на јавната чистота се во зависност од повеќе фактори, како од густината на населението, густината на возила, културни навики на населението, инфраструктирните услови и инситуционалните и граѓанските потреби, самодисциплината на граѓаните, придржувањето на локални закони и др.

Законот за јавна чистота, со кој се уредуваат условите и начинот на одржување на јавна чистота, правата и обврските на учесниците во одржувањето на јавната чистота е акт со кој законодавецот има намера поажурно да ја одржува јавната чистота, а тоа е нешто што го налага самото урбано живеење. Имено, со овој закон се предвидува наплата на надоместок за одржување на јавна чистота , при што се очекува изворот на средства да биде обезбеден, со што давателите на услуги ќе бидат во можност поефикасно да ги извршуваат активностите на одржување на јавна чистота .

Видот и начинот на одржување на јавна чистота, покрај од друго, директно зависи од уреденоста, состојбата и одржувањето на јавно прометните површини. Затоа укажуваме дека како општина можеме да пружиме подобра услуга по обем, динамика и квалитет доколку инфраструктурните претпоставки во Општина Новаци се подобрат, а почитувањето на комуналниот ред, сообраќајните прописи и друго се подигнат на повисоко ниво од досегашното.

Посебно внимание ќе се обрати при одржување, уредување и зашитита на парковите и зеленилото кои претставуваат места за одмор и рекреација на граѓаните на Општина Новаци.

Програмата подразбира организирано собирање и транспортирање на комунален отпад на јавните површини и отворените површини на јавните објекти во рамките на законската регулатива што има директно влијание во зачувувањето на животната средина. Собирањето и транспортот на комуналниот отпад од јавни површини се врши со специјални возила за таа намена.

Моменталната состојба со управувањето на комуналниот отпад во Општина Новаци е во добра состојба. Во 2020 година набавени се нови возила за собирање на смет, чистење на јавни површини и слично кои ги задоволува потребите на граѓаните на Општина Новаци. Во 2021 година планираме поинтензивна и испланирана акција за селектирање, собирање и намалување на волуменот на селективниот комунален отпад.

Со набавката на новите возила планираме да постигнеме:

- Динамика во редовноста на услугата со оптимално ангажирање на возилата и доволно простор за правилно одржување на истите;
- Унапредена услуга која ќе има позитивно влијание врз угледот на општината, граѓаните и надлежните служби.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ

Програмата на Општина Новаци за одржување на јавната чистота е насочена кон одржување на јавната чистота на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти, заради обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општата цел на програмата е да се обезбеди редовно чистење (метење и миење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти, како и чистењето на снегот и марзот во зимски услови.

Со оваа програма се утврдуваат:

- територијата, распоредот и фреквенцијата за одржување (метење и миење) на јавните површини, парковите и рекреативните површини;
- основните начела на вршење на работите за одржување на јавната чистота;
- надзор во спроведувањето;
- начинот на финансирање.

## ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Одржување на јавната чистота на територијата на Општина Новаци ќе ги прифатијавните површини како: улици, тротоари, пристапни патишта, плоштади и уредени отворени простори, паркинг простори, скалила кои ги поврзуваат површините за јавен сообраќај, видиковци, автобуски и такси станици и сл.

Во спроведувањето на програмата се изведуваат следните активности:

- рачно метење на јавните површини, парковите, рекреативните површини;
- машинско и рачно чистење на улиците од наноси на земја после врнежи од дожд;
- миење на јавните површини;
- собирање и транспортирање на отпадот од одржување најавнатачистота до општинските времениденонии во населените места од општината;
- рачно чистење на снегот и мразот во зимски услови.

## ДИНАМИКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

## ЧИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ

Под поимот јавни површини спаѓаат сите јавни површини на територијата на Општина Новаци. Постојат два вида на јавни површини по основ на начинот на одржување за да бидат во функција за потребите на граѓаните на Општина Новаци и тоа: Јавно прометни површини кои се во функција на граѓаните за одвивање на сообраќај на граѓани и возила и јавни прометни површини – паркови и зеленило кои се во функција на граѓаните за одмор и рекреација.

Отпадот на јавните површини е од разно потекло, како:

- хартии и пластична амбалажа од разни паковања, пет-амбалажи, пластични пакувања, кутии од цигари, отпушоци и разни прехрамбени материјали;
- отпадоци од возила - при превоз на градежни материјали, овошје, зеленчук и други растенија, при товарање и растоварање на градежен материјал и растенија и сл.;
- биоразградлив отпад (лисја од дрвја, цвет, суви гранки, разни зелени остатоци од земјоделски насади, песок, гранулат кои служат за топење на снегот во зимски услови).

За изработка на организационен план за чистење на јавните површини потребна е и категоризација на истите. Категоризацијата зависи од густината на населението и сообраќајот и правците на движење на граѓаните и возилата до фирмите, домовите и секојдневните потреби.

# МЕТОДИ НА ЧИСТЕЊЕ

## I. ОДРЖУВАЊЕ СО МЕТЕЊЕ

### Прва категорија

Централно подрачје - улици, тротоари, плоштади,автобуски и такси станици кои се во густа фрекфенција на движење. Метењето ќе се извршува петдена во неделата.

| Ред. бр. | Јавни површини | Површина во $m^2$ | Број на работници | Работни денови (месечно) | Вкупна површина (месечно) | Годишно (месеци) | Вкупна површина (годишно) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Плоштад и парк во општинска зграда Новаци | 3.000 $m^2$ | 2 | 20 | 60.000 $m^2$ | 12 | 720.000 $m^2$ |
| **2.** | Главна асфалтирана собраќајница R1311 од полициската станица до поштата во с. Новаци | 3.500 $m^2$ | 2 | 20 | 70.000 $m^2$ | 12 | 840.000 $m^2$ |
| **3.** | Од центарот на Новаци кон училиштето и црквата “Св. Атанасиј“ се до повеќе-наменското игралиште во с. Новаци | 2.000 $m^2$ | 2 | 20 | 40.000 $m^2$ | 12 | 480.000 $m^2$ |
| | **Вкупно:** | **8.500 $m^2$** | | **20** | **170.000$m^2$** | **12** | **2.040.000 $m^2$** |

### Втора категорија

Метење на главни сообрајќајници, тротоари, автобуски и такси станици со поголем интензитет на сообраќај на луѓе и возила. Метењето ќе се извршува два пати неделно.

| Ред. бр. | Јавни површини | Површина во $m^2$ | Број на работници | Работни денови (месечно) | Вкупна површина (месечно) | Годишно (месеци) | Вкупна површина (годишно) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Главна асфалтирана собраќајница R1311 од влезот од кај река Црна до излезот на Новаци кон РЕК | 14.000 $m^2$ | 2 | 8 | 112.000 $m^2$ | 12 | 1.344.000 $m^2$ |
| | **Вкупно:** | **14.000 $m^2$** | | **8** | **112.000$m^2$** | **12** | **1.334.000$m^2$** |

## Трета категорија

Метење на сообраjќајници, тротоари, автобуски и такси станици со помал интензитет на сообраќај на луѓе и возила. Метењето ќе се извршува два пати месечно.

| Ред. бр. | Јавни површини | Површина во $m^2$ | Број на работници | Работни денови (месечно) | Вкупна површина (месечно) | Годишно (месеци) | Вкупна површина (годишно) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Центар во с. Добромири | 3.000 $m^2$ | 2 | 2 | 6.000 $m^2$ | 12 | 72.000 $m^2$ |
| **2.** | Центар во с. Рибарци | 1.000 $m^2$ | 2 | 2 | 2.000 $m^2$ | 12 | 24.000 $m^2$ |
| **3.** | Центар во с. ГорноАгларци | 1.500 $m^2$ | 2 | 2 | 3.000 $m^2$ | 12 | 36.000 $m^2$ |
| **4.** | Центар во с. Долно Агларци | 1.500 $m^2$ | 2 | 2 | 3.000 $m^2$ | 12 | 36.000 $m^2$ |
| **5.** | Центар во с. Гермијан | 2.000 $m^2$ | 2 | 2 | 4.000 $m^2$ | 12 | 48.000 $m^2$ |
| **6.** | Центар во с. Далбеговци | 1.500 $m^2$ | 2 | 2 | 3.000 $m^2$ | 12 | 36.000 $m^2$ |
| | **Вкупно:** | **10.500 $m^2$** | | **2** | **21.000$m^2$** | **12** | **252.000$m^2$** |

## Четврта категорија

Метење на сообраjќајници, тротоари, автобуски и такси станици со мал интензитет на сообраќај на луѓе и возила. Метењето ќе се извршува еднаш месечно.

| Ред. Бр. | Јавни површини | Површина во $m^2$ | Број на работници | Работни денови (месечно) | Вкупна површина (месечно) | Годишно (месеци) | Вкупна површина (годишно) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Центар во с. Живојно | 1.000 $m^2$ | 2 | 1 | 1.000 $m^2$ | 12 | 12.000 $m^2$ |
| **2.** | Центар во с. Бач | 800 $m^2$ | 2 | 1 | 800 $m^2$ | 12 | 9.600 $m^2$ |
| **3.** | Центар во с. Брод | 500 $m^2$ | 2 | 1 | 500 $m^2$ | 12 | 6.000 $m^2$ |
| **4.** | Центар во с. Арматуш | 800 $m^2$ | 2 | 1 | 800 $m^2$ | 12 | 9.600 $m^2$ |
| **5.** | Центар во с. Тепавци | 500 $m^2$ | 2 | 1 | 500 $m^2$ | 12 | 6.000 $m^2$ |
| **6.** | Центар во с. Гнеотино | 600 $m^2$ | 2 | 1 | 600 $m^2$ | 12 | 7.200 $m^2$ |
| | **Вкупно:** | **4.200 $m^2$** | | **1** | **4.200$m^2$** | **12** | **50.400$m^2$** |

**ПРЕСМЕТКА**

Потребни финансиски средства за одржување на јавна чистота на јавните површини на територија на Општина Новаци со метење:

| Ред. број | Категорија | Површина во $m^2$ | Единечна цена (ден/$m^2$) | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Прва категорија | 2.040.000$m^2$ | 0,56 | 1.142.400 ден. |
| 2. | Втора категорија | 1.334.000$m^2$ | 0,56 | 747.040 ден. |
| 3. | Трета категорија | 252.000$m^2$ | 0,56 | 141.120 ден. |
| 4. | Четврта категорија | 50.400$m^2$ | 0,56 | 28.224 ден. |
| | **Вкупно:** | **3.676.400 $m^2$** | **0,56 ден.** | **2.058.784 ден.** |

**ПРЕГЛЕД НА НЕПОСРЕДНИ ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА**

| Ред. број | Работно место | Број на извршители |
|---|---|---|
| 1. | Метачи | 2 |
| 2. | Тракториисти | 1 |
| 3. | Метачи (привремено ангажирани преку Агенција за привремени вработувања) | 3 |
| | **Вкупно:** | **6** |

Метењето ќе се извршува со:

- рачно чистење со сиркова, полска метла;
- машинско метење со машина-метларка;
- стружење со лопата на набиена земја од рабовите на сообраќајниците.

## II. МИЕЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ

Миењето на јавните површини со предни млазници од цистерна има значајна улога во одржувањето на јавната чистота.

Миењето со задни црева со цистерна е начин на миење кој дава најдобри хигиенски резултати.Со овој начин се постигнува многу добар квалитет на чистење и релативно висок учинок.Овој начин на чистење може да се применува на сите видови на јавни површини.

Од изнесеното се гледа дека динамиката на извршување е различна и истата зависи од примената на интервенцијата.Воглавно, застапени се рачно метење и машинско миење на јавните површини со цистерна со предни млазници секој работен ден во централното подрачје.

Исто така предвидуваме чистење на набиена земја од ивиците на сообраќајниците најмалку четири пати годишно и перење на јавните површини со задни цевки со цистерна најмалку еднаш месечно.

Како дополнителни работи се јавуваат пречистување на јавните површини по барање на Општина Новаци за време на државните празници и одржување на манифестации, по барање на инспекциски служби и сл.Овие работи се извршуваат дополнително од редовната програма со работен налог од нарачателот на услугата како дополнителна работа и за извршената работа Ј.П.К.Д. „Комунална хигиена“ - Новаци ќе наплаќа по $m^2$ извршена услуга и цена утврдена со Програмата за одржување на јавна чистота .

Миењето може да биде машинско со предна млазница и рачно миење со задно црево.

## МАШИНСКО МИЕЊЕ СО ПРЕДНА МЛАЗНИЦА

Планот е направен за потоплите месеци од 01 март до 30 ноември. По потреба, би се извршувало миење и во останатите три месеци и на релации надвор од овој план по што услугата дополнително ќе се наплаќа по m$^2$ извршена услуга и цена утврдена со Програмата за одржување на јавна чистота .

**Прва категорија –** Миење на јавни површини-сообраќајници - 5 пати неделно

| Ред. бр. | Јавни површини | Површина во m² | Број на работници | Работни денови (месечно) | Вкупна површина (месечно) | Годишно (месеци) | Вкупна површина (годишно) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Главна асфалтирана собраќајница Р-1311 од влезот од кај река Црна до излезот на Новаци кон РЕК | 14.000 m² | 1 | 20 | 280.000 m² | 9 | 2.520.000 m² |
| | **Вкупно:** | **14.000 m²** | | **20** | **280.000 m²** | **9** | **2.520.000 m²** |

**Втора категорија –** Миење на јавни површини-сообраќајници - 2 пати неделно

| Ред. бр. | Јавни површини | Површина во m² | Број на работници | Работни денови (месечно) | Вкупна површина (месечно) | Годишно (месеци) | Вкупна површина (годишно) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Споредни улици во с. Новаци | 16.590 m² | 1 | 8 | 132.720 m² | 9 | 1.194.480 m² |
| | | **16.590 m²** | | **8** | **132.720 m²** | **9** | **1.194.480 m²** |

**Трета категорија –** Миење на јавни површини-сообраќајници - 2 пати месечно

| Ред. бр. | Јавни површини | Површина во m² | Број на работници | Работни денови (месечно) | Вкупна површина (месечно) | Годишно (месеци) | Вкупна површина (годишно) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Главна улица во с. Добромири | 4.950 m² | 1 | 2 | 9.900 m² | 9 | 89.100 m² |
| **2** | Главна улица во с. Горно Агларци | 7.314 m² | 1 | 2 | 14.628 m² | 9 | 131.652 m² |
| **3** | Главна улица во с. Долно Агларци | 5.256 m² | 1 | 2 | 10.512 m² | 9 | 94.608 m² |
| **4** | Главна улица во с. Далбеговци | 4.281 m² | 1 | 2 | 8.562 m² | 9 | 77.058 m² |
| **5** | Главна улица во с. Рибарци | 3.960 m² | 1 | 2 | 7.920 m² | 9 | 71.280 m² |
| | | **25.761 m²** | | **2** | **51.522 m²** | **9** | **463.698 m²** |

**Четврта категорија –** Миење на јавни површини-сообраќајници – еднаш месечно

| Ред. бр. | Јавни површини | Површина во m² | Број на работници | Работни денови (месечно) | Вкупна површина (месечно) | Годишно (месеци) | Вкупна површина (годишно) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Главна улица во с. Гнеотино | 1.335 m² | 1 | 1 | 1.335 m² | 9 | 12.015 m² |
| **2** | Главна улица во с. Брод | 1.350 m² | 1 | 1 | 1.350 m² | 9 | 12.150 m² |
| **3** | Главна улица во с. Живојно | 2.766 m² | 1 | 1 | 2.766 m² | 9 | 24.894 m² |
| **4** | Главна улица во с. Бач | 2.955 m² | 1 | 1 | 2.955 m² | 9 | 26.595 m² |
| **5** | Главна улица во с. Гермијан | 4.260 m² | 1 | 1 | 4.260 m² | 9 | 38.340 m² |
| **6** | Главна улица во с. Арматуш | 807 m² | 1 | 1 | 807 m² | 9 | 7.263 m² |
| **8** | Главна улица во с. Орехово | 1.482 m² | 1 | 1 | 1.482 m² | 9 | 13.338 m² |
| | | **14.955 m²** | | **1** | **14.955 m²** | **9** | **134.595 m²** |

## РАЧНО МИЕЊЕ СО ЗАДНИ ЦРЕВА

Планот е направен за потоплите месеци од 01 март до 30 ноември. По потреба, би се извршувало миење и во останатите три месеци и на релации надвор од овој план по што услугата дополнително ќе се наплаќа по $m^2$ извршена услуга и цена утврдена со Програмата за одржување на јавна чистота.

**Прва категорија –** Миење на тротоари, плоштади и плочници – еднаш неделно

| Ред. бр. | Јавни површини | Површина во $m^2$ | Број на работници | Работни денови (месечно) | Вкупна површина (месечно) | Годишно (месеци) | Вкупна површина (годишно) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Главна асфалтирана собраќајница Р-1311 од влезот од кај река Црна до излезот на Новаци кон РЕК | 4.666 $m^2$ | 2 | 4 | 18.664 $m^2$ | 9 | 167.976 $m^2$ |
| **2.** | Плоштад во општинска зграда Новаци | 123 $m^2$ | 2 | 4 | 492 $m^2$ | 9 | 4.428 $m^2$ |
| | **Вкупно:** | **4.789$m^2$** | | **4** | **19.156$m^2$** | **9** | **172.404 $m^2$** |

**Втора категорија –** Миење на тротоари, плоштади и плочници - два пати месечно

| Ред. бр. | Јавни површини | Површина во $m^2$ | Број на работници | Работни денови (месечно) | Вкупна површина (месечно) | Годишно (месеци) | Вкупна површина (годишно) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Тротоари низ с. Новаци | 1.027 $m^2$ | 2 | 2 | 2.054 $m^2$ | 9 | 18.486 $m^2$ |
| | **Вкупно:** | **1.027 $m^2$** | | **2** | **2.054 $m^2$** | **9** | **18.486 $m^2$** |

**Трета категорија –** Миење на тротоари, плоштади и плочници - еднаш месечно

| Ред. бр. | Јавни површини | Површина во $m^2$ | Број на работници | Работни денови (месечно) | Вкупна површина (месечно) | Годишно (месеци) | Вкупна површина (годишно) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Тротоари низ с. Гермијан | 387 $m^2$ | 2 | 1 | 387 $m^2$ | 9 | 3.483 $m^2$ |
| **2.** | Тротоари низ с. Горно Агларци | 402 $m^2$ | 2 | 1 | 402 $m^2$ | 9 | 3.618 $m^2$ |
| | **Вкупно:** | **789$m^2$** | | **1** | **789 $m^2$** | **9** | **7.101 $m^2$** |

## ПРЕСМЕТКА

Потребни финансиски средства за одржување на јавна чистота на јавните површини на територија на Општина Новаци со миење:

| Ред. број | Категорија | Површина во $m^2$ | Единечна цена (ден/$m^2$) | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Прва категорија – машинско миење | 2.520.000$m^2$ | 0,23 | 579.600 ден. |
| **2.** | Втора категорија – машинско миење | 1.194.480$m^2$ | 0,23 | 274.730 ден. |
| **3.** | Трета категорија – машинско миење | 463.698$m^2$ | 0,23 | 106.605 ден. |
| **4.** | Четврта категорија – машинско миење | 134.595$m^2$ | 0,23 | 30.957 ден. |
| **5.** | Прва категорија – рачно миење | 172.404$m^2$ | 1,33 | 229.297 ден. |
| **6.** | Втора категорија – рачно миење | 18.486$m^2$ | 1,33 | 24.586 ден. |
| **7.** | Трета категорија – рачно миење | 7.101$m^2$ | 1,33 | 9.444 ден. |
| | **Вкупно:** | **4.510.764$m^2$** | | **1.255.219 ден.** |

### ПРЕГЛЕД НА НЕПОСРЕДНИ ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

| Ред. број | Работно место | Број на извршители |
|---|---|---|
| **1.** | Возач | 1 |
| **2.** | Работници за миење со цистерна | 1 |
| **3.** | Привремено ангажирани работници преку Агенција за привремени вработувања | 2 |
| | **Вкупно:** | **4** |

## УПРАВУВАЊЕ СО ГРАДЕЖЕН ШУТ И ОТПАДНА ЗЕМЈА

За градежен шут и друг вид на неопасен отпад кој е исфрлен од непознат сторител, со барање до ЈПКД „Комунална хигиена“ - Новаци, ќе се извршува работа за подигање, утовар, транспорт и депонирање на отпадот и за истото претпријатието ќе изврши наплата во износ од 600 ден/$m^3$. Во 2024 година предвидуваме да се собере и депонира 800 $m^3$ отпад од диви депонии (градежен шут или неопасен комунален отпад).

## ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

Под поимот јавни површини под паркови и зеленило спаѓаат сите парковски површини, цветни алеи и дрвореди, ниска вегетација и живи огради на општинско земјиште и неурбанизирани зелени површини кои се на општинско и државно земјиште на територијата на Општина Новаци.

Како и јавните површини, одржувањето на парковите и зелените површини зависи од повеќе фактори, а еден од најбитните е економската моќ на општината. Финасиските средства за подигање и одржување на јавно зеленило се обезбедуваат од изворите на средства за финасирање на комуналните дејности кои се предвидени во Законот за комунални дејности. Врз основа на овој битен економски фактор и врз база на искуството од 2020 година, Општина Новаци ја изработи оваа Програма за одржување на парковите и зелените површини на територија на Општина Новаци, за нормално одвивање на животот на граѓаните, за користење на овие паркови и зелени површини од жителите на Општина Новаци и зачувување на животната средина.

Одржувањето на парковските и зелените површини зависат од следните фактори:

- Културните навики на населението;
- Самодисциплината на граѓаните;
- Придржување на позитивните прописи.

Одржувањето на парковите и зелените површини на Општина Новаци, се одвива преку целата година и се категоризира според степенот на одржување.

Во зимските периоди, овие површини се одржуваат да бидат чисти од секојдневниот отпад, се отвораат патеки од снег, се чисти и изнесува снег и мраз, се мети и други оперативни работи.

Во летните месеци се врши косење, полевање, окопување и одржување на сезонско цвеќе, кастрење на дрвја, косење, полевање, греблување и собирање и изнесување на тревата, кастрење и кроење на жива ограда и исфрлање на отпадот, одржување/поправка на детски реквизити, замена на корпи за отпадоци со нови или нивна поправка, и други активности.

Оваа Програма дава приоритет на централните паркови и зелени површини, на големите паркови во населените места на општината и каде централното подрачје е опфатено со двосменско работење, со оглед на поголемата фреквенција на луѓе и возила.

Зелените површини од остнатите категории ќе бидат одржувани со предвидените активности и според категоризацијата и степенот на чистота.

Врз основа на горенаведеното, парковите и зелените површини ги категоризираме на:

**Прва категорија**

- Чистење на отпад – 5 дена во неделата;
- Косење и кастрење – еднаш неделно во период од 01 март до 31 октомври
- Во топлите денови – полевање 3 пати неделно.
- Чистење на лисја – 5 денаво неделата во период од 01 септември до 30 Ноември
- Во зимски услови, секојдневно рачно чистење/одржување на патекитево парковските површини

**Втора категорија**

- Чистење на отпад – еднаш неделно.
- Косење и кастрење – два пати месечно во период од 01 март до 31 октомври
- Чистење на лисја – еднаш неделно во период од 01 септември до 30 Ноември
- Во зимски услови, 2 пати неделно рачно чистење/одржување на патекитево парковските површини

## Трета категорија

- Чистење на отпад – два пати месечно.
- Косење и кастрење – два пати месечно во период од 01 март до 31 октомври
- Чистење на лисја – два пати месечно во период од 01 септември до 30 Ноември
- Во зимски услови, 1 неделно рачно чистење/одржување на патекитево парковските површини

  Вкупните годишни цени/$m^3$ за одржување на паркови и зеленило се пресметани во категории според степенот на планираното одржување:

## Прва категорија

| Ред, број | Позиција | Реализација (годишно) | Единечна цена | Вкупно годишно (ден./$m^3$) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Чистење на отпад (корпи во паркови, разновиден отпад околу и во парковите и сл.) | 240 | 0,20 | 48 |
| 2. | Косење и кастрење со сите операции пред и после косењето и кастрењето | 64 | 0,41 | 26,24 |
| 3. | Полевање | 96 | 0,20 | 19,2 |
| 4. | Чистење на лисја | 60 | 0,20 | 12 |
| 5. | Чистење на патеки од снег | 80 | 0,20 | 16 |
| | | | **Вкупно:** | 121,44 |

## Втора категорија

| Ред, број | Позиција | Реализација (годишно) | Единечна цена | Вкупно годишно (ден./$m^3$) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Чистење на отпад (корпи во паркови, разновиден отпад околу и во парковите и сл.) | 48 | 0,20 | 9,6 |
| 2. | Косење и кастрење со сите операции пред и после косењето и кастрењето | 16 | 0,41 | 6,56 |
| 3. | Чистење на лисја | 12 | 0,20 | 2,4 |
| 4. | Чистење на патеки од снег | 32 | 0,20 | 6,4 |
| | | | **Вкупно:** | 24,96 |

## Трета категорија

| Ред, број | Позиција | Реализација (годишно) | Единечна цена | Вкупно годишно (ден./$m^3$) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Чистење на отпад | 24 | 0,20 | 4,8 |
| 2. | Косење и кастрење со сите операции пред и после косењето и кастрењето | 16 | 0,41 | 6,56 |
| 3. | Чистење на лисја | 6 | 0,20 | 1,2 |
| 4. | Чистење на патеки од снег | 16 | 0,20 | 3,2 |
| | | | **Вкупно:** | 15,76 |

**Категоризација на паркови и пресметка:**

**Прва категорија**

| Ред. бр. | Паркови | Површина во $m^2$ | Вкупно годишно (ден./$m^3$) | Број на извршители | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Парковите низ с. Новаци | 4.550 $m^2$ | 121,44 | 2 | 552.552 ден. |
| **2.** | Детските игралишта, игротеката во с. Новаци и двор на амбуланта | 9.230 $m^2$ | 121,44 | 2 | 1.120.891 ден. |
| | **Вкупно:** | **13.780 $m^2$** | **121,44** | | **1.673.443 ден.** |

**Втора категорија**

| Ред. бр. | Паркови | Површина во $m^2$ | Вкупно годишно (ден./$m^3$) | Број на извршители | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Центар во с. Добромири | 3.000 $m^2$ | 26,96 | 2 | 80.880 ден. |
| **2.** | Центар во с. Рибарци | 1.000 $m^2$ | 26,96 | 2 | 26.960 ден. |
| **3.** | Центар во с. Горно Агларци | 1.500 $m^2$ | 26,96 | 2 | 40.440 ден. |
| **4.** | Центар во с. Долно Агларци | 1.500 $m^2$ | 26,96 | 2 | 40.440 ден. |
| **5.** | Манастир Рожденство на Пресвета Богородица во с. Новаци | 9.500$m^2$ | 26,96 | 2 | 256.120 ден. |
| | **Вкупно:** | **16.500 $m^2$** | **26,96** | | **444.840 ден.** |

**Трета категорија**

| Ред. бр. | Паркови | Површина во $m^2$ | Вкупно годишно (ден./$m^3$) | Број на извршители | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Центар во с. Гермијан | 2.200$m^2$ | 15,76 | 2 | 34.672 ден. |
| **2.** | Центар во с. Бач | 900 $m^2$ | 15,76 | 2 | 14.184 ден. |
| **3.** | Центар во с. Живојно | 1.000 $m^2$ | 15,76 | 2 | 15.760 ден. |
| **4.** | Центар во с. Брод | 600 $m^2$ | 15,76 | 2 | 9.456 ден. |
| **5.** | Центар во с. Гнеотино | 600 $m^2$ | 15,76 | 2 | 9.456 ден. |
| **6.** | Центар во с. Далбеговци | 1.500 $m^2$ | 15,76 | 2 | 23.640 ден. |
| | **Вкупно:** | **6.800 $m^2$** | 15,76 | | **107.168 ден.** |

Потребни финансиски средства за одржување на паркови и јавно зеленило на територија на Општина Новаци:

| Ред. број | Категорија | Површина во $m^2$ | Единечна цена (ден/$m^2$) | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Прва категорија | 13.780 $m^2$ | 121,44 | 1.673.443 ден. |
| 2. | Втора категорија | 16.500 $m^2$ | 26,96 | 444.840 ден. |
| 3. | Трета категорија | 6.800 $m^2$ | 15,76 | 107.168 ден. |
| | **Вкупно:** | **37.080 $m^2$** | | **2.225.451 ден.** |

**ПРЕГЛЕД НА НЕПОСРЕДНИ ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА**

| Ред. број | Работно место | Број на извршители |
|---|---|---|
| 1. | Возач | 1 |
| 2. | Работници за косење, кастрење, полевање и чистење | 3 |
| 3. | Привремено ангажирани работници преку Агенција за привремени вработувања | 2 |
| | **Вкупно:** | **6** |

Реализирањето на оваа програма, Ј.П.К.Д. „Комунална хигиена“ - Новаци, ќе ја извршува со следните возила:

- моторни тимери;
- трактор за косење;
- трактор;
- метли, вили, грибла, коси и слично.

## ОДРЖУВАЊЕ И ЧИСТЕЊЕ НА ОТВОРЕНИ БЕТОНИРАНИ КАНАЛЧИНА ЗА ОДВЕДУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКА ВОДА ИОДРЖУВАЊЕ И ЧИСТЕЊЕ НА ИЗЛЕТНИЧКИ МЕСТА

Одржувањето и чистењето на отворените бетонирани каналчина за одведување на атмосферска вода и одржувањето и чистењето на излетничките места ќе се врши со следните операции:

- косење, гребулање и изнесување на треватапокрај каналчето или од излетничкотоместо;
- сечење на грмушки и исфрлање на отпадот;
- чистење на дното на отвореното бетонско каналче од нанос од песок и мил.

Овие операции ќе се извршуваат еднаш во месецот.

Вкупните годишни цени/$m^3$ за одржување на отворени бетонирани каналчина за одведување на атмосферска вода и одржување и чистење на излетнички места се пресметани според степенот на планираното одржување:

**Прва категорија –** одржување и чистење на отворени бетонирани каналчиња за одведување на атмосферска вода

| Ред, број | Позиција | Реализација (годишно) | Единечна цена | Вкупно годишно (ден./m³) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Косење, гребулање и изнесување на трева покрај каналчето | 12 | 0,50 | 6 |
| 2. | Чистење на дното од каналчето од нанос од песок и мил | 12 | 0,81 | 9,72 |
| | | | **Вкупно:** | 15,72 |

**Втора категорија –** одржување и чистење на излетнички места

| Ред, број | Позиција | Реализација (годишно) | Единечна цена | Вкупно годишно (ден./m³) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Косење, гребулање и изнесување на трева | 12 | 0,5 | 6 |
| 2. | Кастрење на грмушки | 12 | 0,5 | 6 |
| | | | **Вкупно:** | 12 |

**ПРЕСМЕТКА**

**Прва категорија**

| Ред. бр. | Паркови | Површина во m² | Вкупно годишно (ден./m³) | Број на извршители | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Каналчиња во Општина Новаци | 15.000 m² | 15,72 | 2 | 235.800 ден. |
| | **Вкупно:** | **15.000 m²** | **15,72** | | **235.800 ден.** |

**Втора категорија**

| Ред. бр. | Паркови | Површина во m² | Вкупно годишно (ден./m³) | Број на извршители | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Стара општинска зграда во с. Старавина и с. Бач | 4.000 m² | 12 | 2 | 48.000 ден. |
| 2. | Излетничко место - Коњарка | 4.000 m² | 12 | 2 | 48.000 ден. |
| 3. | Чистење на културно-историски знаменитости во Мариово | 10.000 m² | 12 | 2 | 120.000 ден. |
| 4. | Чистење на културно-историски знаменитости во с. Брод | 500 m² | 12 | 1 | 6.000 ден. |
| | **Вкупно:** | **18.500 m²** | 12 | | **222.000 ден.** |

Потребни финансиски средства за одржување и чистење на отворени бетонирани каналчина за одведување на атмосферска вода и одржување и чистење на излетнички места:

| Ред. број | Категорија | Површина во $m^2$ | Единечна цена (ден/$m^2$) | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Прва категорија | 15.000 $m^2$ | 15,72 | 235.800 ден. |
| **2.** | Втора категорија | 18.500 $m^2$ | 12 | 222.000 ден. |
| | **Вкупно:** | **33.500 $m^2$** | | **457.800 ден.** |

**ПРЕГЛЕД НА НЕПОСРЕДНИ ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА**

| Ред. број | Работно место | Број на извршители |
|---|---|---|
| **1.** | Возач | 1 |
| **2.** | Работници за чистење,косење и кастрење | 2 |
| **3.** | Привремено ангажирани работници преку Агенција за привремени вработувања | 1 |
| | **Вкупно:** | **4** |

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Програмата ја изготви Општина Новаци во соработка со ЈПКД „Комунална хигиена" – Новаци во која се извршени сериозни интервенции како во опфатот на површините за одржување, така и во прецизирање и детализирање на фрекфренцијатана одржување.

Во програмата е даден приоритет на површините кои ќе ги одржува изведувачот на програмата, во случајот - ЈПКД „Комунална хигиена" – Новаци, според густината на населеност, фрекфренција на граѓани и сообраќај, постоење на социјални, културни и воспитно - образовани објекти.

При изготвување на програмата земено е во предвид мислењето на надлежните инспекциски служби во Општината преку нивната работа на терен и мислењето на стручните служби во ЈПКД „Комунална хигиена" – Новаци.

Со спроведување на оваа Програма ќе се подобри квалитетот во одржувањето на јавната чистота, со што ке се обезбедат поквалитетни услови за живот и почиста животна средина во општината.

## НАДЗОР ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА

Надзор и контрола во спроведување на програмата за одржување на јавна чистота врши Општна Новаци, односно одделението за инспекциски надзор.

## БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Средствата за реализација на програмата ќе бидат обезбедени од буџетот на Општина Новаци по доставена месечна фактура и спецификација на извршените работи за одржување на јавната чистота, согласно Програмата од страна на ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци.

### РЕКАПИТУЛАЦИЈА

| **Ред. број** | | **Површина во $m^2$** | **Вкупна вредност** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Чистење на јавни површини со метење | 3.676.400 $m^2$ | 2.058.784 ден. |
| **2.** | Чистење на јавни површини со миење | 4.510.764$m^2$ | 1.255.219 ден. |
| **3.** | Одржување на паркови и зеленило | 37.080 $m^2$ | 2.225.451 ден. |
| **4.** | Одржување и чистење на отворени бетонски каналчиња и одржување и чистење на излетнички места | 33.500 $m^2$ | 457.800 ден. |
| | **Вкупно:** | **7.981.344 $m^2$** | **5.997.254 ден.** |

За да се реализира Програмата за одржување на јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2024 година, потребни се финансиски средства во износ од 5.997.254 денари.

**Совет на Општина Новаци**
**Претседател**
**Славица Најдовска Стојковска**